**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Бр. 1103-241/8**
**Скопје, 10.07.2006 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски (во понатамошниот текст МТВ) средства од Буџет на РМ за 2005 година кои се прикажани на страните 14, 15 и 16.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија за годините 2001, 2003 и 2004 година, кои `и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија и издадени се извештаи за финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Џемали Мехази, министер за транспорт и врски.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 14, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03. до 26.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник главен државен ревизор;
   - Снежана Лулевска, Самостоен ревизор;
   - Бранко Темелкоски, Ревизор;
   - Наташа Стојкова, Ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни

прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 26.06.2006 година примени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи на МТВ за средствата од Буџетот на РМ, под бр. 02-11613/2 од 23.06.2006 година, од министерот за транспорт и врски. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - Забелешката која се однесува на дел од наодот во точка 10.1.2. се прифаќа и наодот се менува во точка 11.1.2. во конечниот извештај.
    - Забелешката која се однесува на наодот во точка 10.3.4. делумно се прифаќа и наодот се менува во точка 11.3.4. во конечниот извештај.
    - Забелешката која се однесува на наодот во точка 10.4.2. ал 6 делумно се прифаќа поради техничка грешка и наодот се корегира и менува на износ од 79.281 илјади денари во точка 11.4.2.ал 6 во конечниот извештај.
    - За наодите во точка 10.1.3, 10.2.1, 10.2.2, 10.2.3, 10.2.4, 10.2.5 и 10.4. не се дадени забелешки односно МТВ ги прифаќа со обврска дека истите ќе ги отстрани во наредниот период со спроведување на препораките дадени од ревизијата.
    - За забелешките кои се однесуваат на точка 10.1.1, 10.1.4, 10.1.5, 10.3.1, 10.3.2, 10.3.3, 10.3.5. ал. 1, 2, 3 и 4 и 10.4.1. ал 10 и 10.4.2 ал. 7 ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ како основ за нивно прифаќање поради што истите се одбиени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти:**

11.1.1. МТВ нема донесено Програма за работа за 2005 година, спротивно на член 20 од Правилникот за организација и работа на МТВ. Со непостоење на програма за работа не може да се следи динамиката и степенот на извршување на планираните активности на министерството за годината што е предмет на ревизија.

11.1.2. За 2006 година внатрешниот ревизор нема донесено план и програма за извршување на внатрешната ревизија во министерството. Во 2005 година и до завршувањето на ревизијата во 2006 година не се извршени поединечни ревизии во министерството, па со оглед на тоа нема квартален, ниту годишен ревизорски извештај за 2005 година.

11.1.3. Министерот за транспорт и врски нема назначено лице – одговорен сметководител спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. На годишната пресметка е потпишано вработеното лице – советник за финансиско работење во Службата за општи и заеднички работи при Владата на РМ. Ваквата состојба може да има за

последица необезбедена одговорност за финансиските извештаи на МТВ за 2005 година.

11.1.4. Министерството нема интерен акт - упатство за постапување при распределбата и трансферот на средствата до ЕЛС со кое би се утврдиле критериуми и методологија на распределба на средствата за изградба на водоводи и третман на отпадни води одобрени од Буџетот на РМ, кои за 2005 година изнесуваат 150.000 илјади денари. Ваквата состојба може да има за ефект необјективна распределба на средствата за оваа намена.

11.1.5. МТВ нема обезбедено единствена и целосна база на податоци за финансирањето на одделни проекти по општини од различни извори на финансирање со цел следење на реализацијата на проектите, што може да има за последица нецелосен увид во наменското и законско користење на средствата.

**Препораки и мерки:**

1. Министерот на МТВ да преземе соодветни мерки за навремено донесување на Програмата за работа за наредните години, имајќи ја предвид потребата на истите како критериум и обврска за известување во врска со извршените активности на министерството за соодветната година.
2. Внатрешниот ревизор да донесе план и програма за извршување на внатрешната ревизија во министерството за 2006 година.
3. Министерот за транспорт и врски да донесе решение за одредување на лице – одговорен сметководител согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
4. Министерот за транспорт и врски во соработка со одговорните лица во секторот задолжен за спроведување на трансферот и распределбата на средствата за изградба на водоводи и третман на отпадни води одобрени од Буџетот на РМ треба да донесе критериуми и методологија, со кои ќе се уредат потребните постапки за континуирано одобрување и распределба на средства за изградба на водоводи и третман на води што се спроведува преку Министерството за транспорт и врски на општините - корисници на средствата.
5. МТВ да обезбеди единствена и целосна база на податоци за финансирањето на одделни проекти по општини од различни извори на финансирање со цел следење на самото извршување и завршување на градбата. Потребата од ваква евиденција е поради тоа што изградбата на поголем дел од објектите се одвива долгорочно, а финансирањето на истите се врши од различни извори, чија што крајна цел е изградба на објект за намената за која е предвиден со што би се оправдале и сите вложени средства.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела:**

11.2.1. Спротивно на Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници Министерството за транспорт и врски не ги води задолжителните помошни книги и тоа:

- книга на капиталниот имот (основните средства) со соодветна аналитичка евиденција,
- книга за набавки на материјали и книга (попис) за инвентарот, ниту се врши материјално задолжување на лицата кои располагаат со истите,
- вкупниот промет на благајната (денарска и девизна) не го вклучува прометот на авансите за службени патувања, ниту се води аналитичка евиденција на побарувања за аванси по лица изразени во денари и девизи, што остава можност за злоупотреба и незаконско трошење на буџетски средства.

Неводењето и несоодветното водење на задолжителните помошни книги придонесува за нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата на соодветните сметки во сметководствената евиденција.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

11.2.2. Податоците кои се внесени во деловните книги не се базираат на веродостојни и вистинити сметководствени документи. Најголем дел од нив не се потпишани од министерот, ниту пак од него овластено лице со што ќе се потврди дека документот е вистинит и дека реално ја прикажува сметководствената промена односно трансакција. На одделни документи (фактури и патни налози) е користен факсимил од министерот и државниот секретар, за кои не е добиена писмена изјава кој може да го користи во нивно отсуство. Ваквата состојба укажува на непостоење на интерни контроли кои ќе обезбедат заштита од измами и грешки.

11.2.3. МТВ нема обезбедено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што може да доведе до несовесно располагање и злоупотреба со буџетските средства од страна на лицата вработени во министерството.

11.2.4. Не е извршен попис на средствата (градежни објекти, опрема, побарувања и обврски) и изворите на средства на начин пропишан со законските прописи, односно не е извршено усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена на ден 31.12.2005 година. На ден 19.05.2006 година, по завршувањето на теренскиот дел на ревизијата, доставен е извештај за извршен попис на инвентарот во МТВ за 2005 година, без прилог на пописни листи за извршен физички попис наведени во извештајот и без архивски број и печат. Не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата утврдена со пописот (инвентарисување), а како причина е наведена набавката на нова опрема во месец декември 2005 година. Посебно треба да се истакне дека МТВ располага со голем возен парк чија сметководствена вредност на 31.12.2005 година изнесува 27.615 илјади денари, без вредноста на возилата добиени од донација во износ од 15.918 илјади денари, кои не се евидентирани. На возилата не е извршен попис, а за дел од нив, не се знае каде се наоѓаат и кој ги користи (7 возила). Имајќи ја предвид ваквата состојба ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста и објективноста на искажаните билансни позиции на ден 31.12.2005 година.

11.2.5. Не е пресметана амортизација на градежни објекти и на опрема за 2005 година спротивно на Законот за сметководство. Од страна на ревизијата неможеше да се квантифицира износот на непресметаната амортизација бидејќи не е извршен попис и не се спроведени книжења за намалување на вредноста на материјалните средства согласно донесените одлуки за пренесување на правото на сопственост на движни и недвижни ствари, објавени во сл в 54/2005 од 07.07.2005 година, што е спротивно на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и Законот за сметководство. Ваквото работење има за ефект нереално и необјективно прикажување на сегашната вредност на материјалните средства.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во МТВ да ги воведат задолжителните помошни и други книги (аналитичка евиденција) на сметките за материјални средства, за побарувања и обврски согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, како и да воведат евиденција на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар преку соодветните сметки од сметковниот план, со материјално задолжување и раздолжување на истите.

2. Во иднина МТВ да подготвува годишен план за набавки на материјали, кој ќе биде презентиран во предлог буџетската пресметка, при што да се разграничи износот на средства за материјали кои ќе се обезбедат преку Службата за општи и заеднички работи при Владата на РМ, и средства од разделот на МТВ.
3. Книжењата во деловните книги да се спроведуваат врз основа на веродостојни и вистинити сметководствени документи.
4. МТВ да обезбеди внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
5. Да се изврши попис на средствата и изворите на средства согласно законските прописи, да се евидентираат во сметководствената евиденција донираните средства со кои располага министерството и да се изврши намалување на вредноста на материјалните средства согласно донесените одлуки за пренос на сопственоста.
6. Одговорните лица за финансии и сметководство да изготват пресметка на амортизација на материјалните средства согласно пропишаните стапки на амортизација во Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

11.3. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите:**

11.3.1. Во 2005 година од ставката други градежни објекти исплатени се средства во вкупен износ од 48.683 илјади денари по времени ситуации на АДГ Пелагонија Скопје, за извршени градежни работи за изградба на автопатот Е-75, делница Неготино-Д Капија 3 фаза“. Автопатот е завршен во 2005 година и истиот е даден на управување на Фондот за регионални и магистрални патишта. На ревизијата не се дадени на увид записник за технички прием од 13.12.2005 година и решение за давање во употреба. Според целокупната документација по овој проект ревизијата утврди неевидентирани дополнителни обврски во вкупен износ од 68.042 илјади денари за кои не се планирани и побарани средства од министерството со предлог буџетот за 2006 година. Ваквата состојба е потврдена и со добиеното мислење од Министерството за финансии од 06.01.2006 година, а во врска со барањето на АДГ Пелагонија, Скопје за дополнителна исплата по основ на разлика во цени од 426.665,10 еур. Претходно наведеното може да има за ефект непотребно создавање на судски трошоци и плаќање на камата, доколку изведувачот заведе судски спор.

11.3.2. Во 2005 година извршен е трансфер на средства во износ од 150.000 илјади денари до ЕЛС за изградба на водоводи и третман на отпадни води во РМ за кои ревизијата не доби доволно уверување дека се направени врз основа на претходно доставена и заверена документација за наменско користење на истите, како што е предвидено со одлуката на Владата за оваа намена. Ревизијата утврди дека се врши исплата на средства авансно за набавка на материјали по про-фактури, не се бара и не се обезбедува записник за технички прием односно решение за давање во употреба на објектот како потврда за извршените работи. Склучувани се договори и анекс договори во износ и во момент на добиено известување за доделени средства, без да се задржи континуитет во извршување на работите кај одредени општини, што може да доведе до нерационално и ненаменско користење на средства. Во прилог на ваквата констатација се и утврдените наоди од страна на ДЗР кои се извршени кај неколку општини како и од Централната внатрешна ревизија при Министерството за финансии. Ваквата состојба е резултат на необезбеден систем на интерни контроли, како и критериуми за распределба на средствата од страна на МТВ.


*ул: “Маршал Тито” - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

11.3.3. Во 2005 година со Буџетот на РМ се планирани и одобрени средства за капитални субвенции во претпријатија и невладини организации во износ од 90.000 иљади денари за ЈП Македонски Железници, а потрошени се средства во износ од 88.368 иљади денари по доставени барања од ЈП МЖ, за кои исплати ревизијата не доби уверување дека се наменски и законски искористени, поради следното:

- Спротивно на Законот за јавни претпријатија, ЈП Македонски Железници не донело Годишна инвестициона програма за 2005 година за вкупни инвестициони вложувања финансирани од различни извори, на која треба да даде согласност Владата на РМ, како основач на јавното претпријатие.
- Не постои усогласеност помеѓу планираните инвестициони вредности по пооделни инвестиции, обезбедените средства и исплатените средства. Склучувани се договори над обезбедените средства спротивно на Законот за јавни набавки (случај со електронска вага), а во случајот со инвестициониот објект: електрификација на пругата планираните работи се на поголем износ од утврдената инвестициона вредност од управниот одбор.
- За изградбата на двата инвестициони објекти (изградба на 5-ти колосек во ст Табановце и електрификација на пругата Маџари – Железара Југ и ст Железара Југ) ЈП МЖ нема добиено одобрение за градба, што е спротивно на Законот за изградба на инвестициони објекти. Потребата од електрификација на пругата е произлезена од барањето на ЈП МЖ, а во врска со зголемениот превоз на старо железо и лим од фирмите МАКСТИЛ – Скопје и ИСПАД - Скопје.
- Нема записник за технички преглед од комисија за технички преглед во кој треба да учествуваат и претставници од МТВ, ниту решение за давање во употреба, што е спротивно на Законот за МЖ и Законот за градење.
- МТВ нема изготвено ниту извештај за реализација на програмата за финансирање на реконструкцијата, капиталниот ремонт и одржувањето на железничката инфраструктура по годишната програма донесена од Владата на РМ за 2004 година, што е спротивно на Законот за Македонски Железници (Сл. весник на РМ 9/98).

11.3.4. Ревизијата има обврска да истакне дека во текот на 2005 година министерството ангажирало континуирано 25-30 лица месечно по договор за дело за кои се потрошени буџетски средства во вкупен износ од 4.800 иљади денари, спротивно на Законот за работни односи, Законот за облигациони односи и Законот за извршување на Буџетот на РМ. Во најголем дел од договорите, склучени во текот на 2003, 2004 и 2005 година, нема наведено стручна спрема, ниту пак кои конкретни работни задачи ќе ги извршува лицето кое се ангажира. Дел од ангажираните лица добиваат надоместок кој е повисок од нето платата на вработени службеници со исти квалификации. Неправилната политика на надоместување за ангажираниот труд на лица по договор за дело резултира во нереално високи трошоци на ставката - Договорни услуги.

11.3.5. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи во МТВ поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, кај следните видови на расходи:

- Расходи за потрошено гориво во износ од 2.165 иљади денари, од кои 900 иљади денари се исплатени врз основа на фактури од Макпетрол АД Скопје, за набавени вредносни картички во апоени – Верна плус, за кои

не е обезбедена соодветна евиденција (дневник на благајна и аналитика на побарувања за задолжување на лицата кои располагаат со нив), ниту е извршен попис со состојба на 31.12.2005 година, а остатокот од 1.265 илјади денари се исплатени по сметки за гориво. За користење на возилата не се изготвуваат патни налози поради што ревизијата не можеше да се увери дали направените трошоци за гориво се направени за обавување на службени потреби или за лични цели. Посебно треба да се истакне дека министерот и други раководни лица располагаат со по неколку возила, а постојат и 4 ангажирани лица по договор за дело на кои им е дадено право на располагање со службени возила како и користење на средства за гориво и одржување на истите.

- Расходи за поправка и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови и гуми) во вкупен износ од 5.827 илјади денари, поради невоспоставена процедура и постапка за потребата од поправки и сервисирање на возилата (барање и одобрување од раководител на сектор) и поради некомплетна документација (неприложени или непотпишани работни налози и фактури од овластено лице за одобрување во министерството). Посебно се истакнува дека за возилото мерцедес СК 881-НО потрошени се средства за исти видови на работи, монтажи и демонтажи на мотор за краток период, во вкупен износ од 807 илјади денари по фактури од Злате Бенз, ДОО Скопје и Аутомакедонија АД Скопје, врз основа на фактури, без прилог на работни налози и без никаков потпис дека навистина е извршена работата.
- Расходи за рушење на бесправно изградени објекти во вкупен износ од 362 илјади денари и за извршени асистенции од страна на МВР во износ од 1.363 илјади денари, кои согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање паѓаат на терет на инвеститорот. МТВ нема обезбедена евиденција за уредно доставени заклучоци, односно излезни фактури до инвеститорите кои ќе го потврдат признавањето на настанатите трошоци, ниту евидентирани побарувања од истите. Фактурите од изведувачите за рушење се прифаќаат во целост без утврдени нормативи и критериуми за објективноста на трошоците кои треба да кореспондираат со побарувањата од инвеститорите. Ваквата состојба овозможува неосновано оптоварување на Буџетот на РМ без соодветна ангажираност на одговорните лица во МТВ за задолжување на инвеститорите и целосен надомест на потрошените буџетски средства, имајќи предвид дека во 2005 година е наплатен приход по овој основ од само 102 илјади денари.
- Расходи за уривање на времениот објект Пролетер во износ од 1.194 илјади денари, поради тоа што на фактурите од изведувачите, извршувањето на работите не го тврди урбан полицаец од ПЕ Центар, која го издала заклучокот за извршување на уривањето. Исто така, градежните дневници не се потпишани од инвеститорот кој ќе потврди дека е ангажирана механизација за наведените часови.
- Расходи во износ од 100 илјади денари по решение бр 16-2/41 од УЈП без дадени документи на увид на ревизијата за потврда на основот на исплата.

Необезбедениот систем на интерни контроли може да доведе до несовесно користење и злоупотреба на буџетските средства од страна на лицата вработени во министерството.

**Препораки и мерки:**

1. Со цел обезбедување на наменска распределба и трансфер на средствата до ЕЛС за изградба на водоводи и третман на отпадни води во РМ, Владата на РМ да го задолжи МТВ да врши мониторинг над извршените работи преку



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

формирање на комисии за контрола на лице место и за задолжително присуство при техничкиот прием односно примопредавање на објектот.

2. МТВ да обезбеди систем на интерни контроли преку кои ќе го осигура наменското користење на средствата за инвестиции во железничката инфраструктура.
3. Поради континуираното ангажирање на лица по договор за дело и високиот износ на трошоци по основ на договори за дело одговорните лица во министерството да ја преиспитаат потребата од вакво ангажирање со цел предвидување на соодветен број на вработени на потребните работни места во актите за организација и ситематизација на работните места и да побараат согласност од Министерството за финансии за вработувања на определено време.
4. Одговорните лица во Државниот инспекторат за урбанизам и градежништво да извршат проверка дали се издадени заклучоци – излезни фактури за надомест на трошоците за уривање на бесправно изградените објекти до инвеститорите односно барања за принудна административна наплата до Јавното правобранителство (со цел правна заштита на имотните права и интереси на РМ). Во случај на неизвршено фактурирање од страна на урбаната полиција да се утврдат причините за истото, да се утврди одговорноста на лицата одговорни за доставување на заклучоците и да се изврши фактурирање.
5. Да се воведе евиденција за издавање на патни налози за користење на возилата за службени цели и евиденција на задолжување и раздолжување со боновите за гориво (помошна благајна).
6. Да се воспоставаат постапки и процедури преку кои ќе се потврди потребата за поправка и сервисирање (иницирањето), нејзиното одобрување и извршување на услугата.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.4.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи:

- Со извршената споредба на планираните и одобрени средства од Буџетот на РМ во однос на потрошените средства по ставки и потставки, ревизијата утврди случаи на ненаменско користење на средствата во вкупен износ од 76.320 илјади денари, за кои не е обезбедена согласност за пренамена од Министерство за финансии (Прилог бр. 1 од овој Извештај).
- незаконска и ненаменска исплата на средства за доизградба на браната Лошане во вкупен износ од 29.985 илјади денари од ставката други градежни објекти без донесена одлука од Владата на РМ и без планирани и одобрени средства за капитални трансфери или дотации, бидејќи МТВ не е инвеститор. МТВ презема работи и активности за изградба на 2 објекти за браната Лошане, при што настапува како градител без исполнување на основните одредби предвидени во Законот за градење. Иако секторот за меѓународни инвестиции и интеграции во МТВ бил задолжен да ја следи реализацијата на изградбата на инекционата завеса на браната Лошане, истото не е направено односно составен е само еден извештај по 1 времена ситуација во кој се утврдени голем број на неправилности во однос на Законот за градење кои укажуваат на неизвршување на работите.
- Ненаменска исплата на средства за технички надзор на објектот: Фекален колектор во Шуто Оризари, во износ од 243 илјади денари, чиј што инвеститор и корисник на објектот е општина Шуто Оризари, од ставка предвидена за проекти за градежни објекти на МТВ, како и поради недоставени и неприложени месечни извештаи од добавувачот кои треба да содржат детален опис на работите. Во 2005 година за истиот објект се

добиени и други фактури во вкупен износ од 486 илјади денари без потврда на извршените работи, кои не се потпишани и одобрени од министерот. Истите не се платени, ниту евидентирани на сметките за АВР и обврски спрема добавувачите.

- Извршена исплата на средства на ЈП Македонски железници, по издадени фактури пред отпочнување на градбата, без склучен договор со ДООЕЛ, без прилог на пресметка на материјали, и двојно фактурирање на материјали, од подружниците ЕТП и ЗОП во состав на ЈП МЖ и Друштвото за ремонт на пруги и нискоградба ЈП МЖ ДООЕЛ Скопје, во вкупен износ од 6.538 илјади денари.
- незаконски и ненаменски исплатени средства за набавка на електронска вага во износ од 2.600 илјади денари по профактура наменета за ЈП МЖ. Извршена е набавка спротивно на Законот за јавни набавки, склучен е договор на поголем износ од обезбедените средства за набавка и спротивно на планот за инвестициона активност и донесената одлука од Управен одбор.
- Извршена исплата на средства, по решение за присилно извршување од Основен суд Скопје 1 Скопје, од средствата предвидени во Буџетот на МТВ за други намени во вкупен износ од 70.676 илјади денари (од сметката за редовно работење во износ од 57.008 илјади денари и од сметката за приходи наплатени од органи во износ од 13.668 илјади денари). Исплатата е извршена на сметка на полномошникот на доверителот - адвокатот Славко Б Секулов. Со извршениот увид во документацијата, која по барање на ревизијата е обезбедена од Јавното правобранителство преку МТВ, се констатира дека Основниот суд Скопје 1 Скопје и Апелациониот суд Скопје донеле пресуди и извршни решенија за надомест на штета во корист на УПА Ентерприсе, Љупчо ДООЕЛ Скопје, не земајќи ја во предвид пресудата на Врховниот суд Скопје У бр 547/01 од 14.02.2002 година по истиот предмет со која тужбата на УПА се одбива односно основот по кој се бара надомест на штета не се признава, како и без утврдување на фактичката состојба на срушениот објект за кој воопшто не се водел управен спор ниту постоело одобрение за градење. Јавниот правобранител на РМ кој го застапува министерството во судските спорови не поднел жалба на донесените решенија од првостепениот орган Основниот суд Скопје 1 Скопје и од Апелациониот суд со што не ги заштитил интересите на државата и на тој начин дозволил неоснована исплата на буџетски средства во вкупен износ од 70.676 илјади денари (1.149.203 еур). Во наредниот период, поради неусогласеност на донесените решенија од Основниот суд Скопје 1 Скопје и од Апелациониот суд Скопје постои можност и од дополнителна неоснована исплата на буџетски средства во износ од 97.487 илјади денари. Министерот за транспорт и врски, иако бил информиран на 30.11.2005 година за целиот предмет, пред добивањето на решението за присилна наплата со датум од 02.12.2005 година (примено во НБМ на 6.12.2005 година), ниту во моментот на присилна наплата, ниту подоцна не поднел претставка до Врховниот суд за преиспитување на целиот случај, иако за тоа постоеле основани сомневања.
- Исплатени средства во износ од 175 илјади денари на Урбан план ДООЕЛ, Тетово за изработка на проекти на опожарени куќи за кои не се знае основот за опожарување, ниту пак постои одлука од Владата за задолжување на МТВ за исплата на вакви средства. Средствата се исплатени од ставка градежни објекти преку која се одобруваат средства за изработка на проекти за градежни објекти кои се сопственост на МТВ, а во овој случај МТВ не е инвеститор. На увид на ревизијата дадени се 9



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

изведбени проекти за опожарените куќи и снимки од 9 опожарени куќи. Фотографиите што се направени не даваат потврда дека куќите се опожарени.

- Извршени исплати за работа во комисии ( други надоместоци) во износ од 371 илјади денари со вклучен персонален данок на доход од ставката други тековни расходи без обезбедени средства за ваква намена, спротивно на Законот за извршување на Буџетот за 2005 година и Законот за државни службеници.
- незаконски и ненаменски одобрени и исплатени средства во вкупен износ од 7.101 илјади денари исплатени на општина Арачиново, Врапчиште, Липково, Куманово и Струга, врз основа на некомплетна документација кон барањата (нема одобрение за градба).
- ненаменски исплатени средства во износ од 1.143 илјади денари на сметка Националниот парк Галичица – Охрид, Струга од средствата наменети за експропријација на земјиште за реализација на проектот МЕАП без соодветен документ (решение за надоместок за одземен недвижен имот) донесен од МФ – Управа за имотно правни работи спротивно на Законот за експропријација.
- Извршени исплати на средства за договорни услуги во износ од 228 илјади денари на лице кое раководи со кабинетот на министерот и истовремено е во редовен работен однос во Генералниот секретаријат на Владата на РМ, спротивно на законските прописи.
- Извршени исплати на аванси на вработени лица и лица ангажирани по договор за дело во вкупен износ од 101 илјади денари, без одобрение од овластено лице во МТВ и без утврдена намена за исплата, спротивно на законските прописи.
- Извршени исплати на дневници, издатоци за сместување, патни и споредни расходи за службени патувања во странство, на надворешни лица ангажирани по договор за дело, во вкупен износ од 1.222 илјади денари, спротивно на законските прописи.
- Извршени исплати по сметки за лични потреби на вработените, при патувања во странство кои не се признаваат според Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство, во вкупен износ од 132 илјади денари.
- Извршена исплата на средства на Еуротурист Клуб, Скопје за патни расходи по основ на двапати платен билет за патување на министерот во Малезија, кое патување е реализирано еднаш, во износ од 172 илјади денари.
- Извршени плаќања со виза картичка со која располагале министерот, заменик министерот и државниот секретар, во износ од 180 илјади денари, кои исплати не се поткрепени со сметки, спротивно на законските прописи.
- Исплатени средства за набавени мобилни телефони за сметки за мобилни телефони во вкупен износ од 435 илјади денари кои ги користат лица ангажирани по договор за дело, спротивно на законските прописи.
- Извршени исплати на средства за услуги за сместување на гости на Боксерски клуб Лирија, Скопје и доделување на финансиски средства на Планинарско друштво Мала Речица, Тетово во вкупен износ од 106 илјади денари, бидејќи истите не се за потребите и целите на МТВ.

**Препораки и мерки:**

Одговорните лица во МТВ да преземат соодветни мерки за примена на Законот за буџетите во однос на наменското и законско користење на средствата согласно одобрениот буџет на Министерството за транспорт и врски.

1. Да се испита одговорноста на надзорниот инжењер и на законскиот застапник на министерството кој ги потпишал ситуациите без да се провери реализацијата од секторот за веродостојноста на извршените работи.

2. Да се преиспита целиот случај во врска со исплатата на надоместот на штета на УПА Ентерприсе, Љупчо ДООЕЛ Скопје, како и да се утврди одговорноста на сите инволвирани страни во наведениот случај со цел преземање на соодветни мерки против одговорните лица.
3. МТВ да воспостави ефикасен и редовен систем на интерни контроли со цел да се избегнат, односно сведат на најмал можен степен случаите на незаконско и ненаменско трошење на средства.
4. Да се изврши проверка на сите ненаменски исплати на вработените лица (аванси и други исплати) во смисла на утврдување на личната одговорност на лицата кои придонеле за ваква состојба и да се изготват решенија од министерот за задолжување на истите и враќање на средствата во Буџетот на РМ.
5. МТВ доследно да ги применува одредбите од Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што на органите им се признаваат во тековни трошоци.
6. Во сметководствената евиденција да се евидентираат побарувања од вработените кои располагаат со дебитната виза картичка и кои ќе се затвараат со приложувањето на сметки за фактички настанатите трошоци во согласност со потребите и целите на МТВ.

11.4.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

Во врска со примената на Законот за јавни набавки ревизијата утврди:

- Во 2005 година МТВ не изготвило регистри за јавни набавки (образец РЈН) поради што истите и не се доставени до Бирото за јавни набавки во рокот кој е задолжителен согласно Законот за јавни набавки.
- Во текот на 2005 година се сменети 4 комисии за јавни набавки, иако во решението за формирање на комисија стои дека избраните лица имаат мандат од 2 години, а согласно Законот може да се изврши промена само под одредени услови. За одделни набавки се формирани и посебни комисии.
- За 2005 година донесени се посебни планови за јавни набавки за двете сметки, за набавки со отворен и ограничен повик на вкупна вредност, кои не ги содржат сите податоци предвидени со Правилникот за формата и содржината на годишниот план.
- МТВ има донесено Правилник за начинот и постапката на вршење набавки од мала вредност, меѓутоа истиот не се почитува што е констатирано и со извештајот од Внатрешна ревизија при МФ.
- Вршени се набавки од мала вредност и од сметката за средства од Буџетот на РМ, иако средствата за вакви набавки се предвидени и обезбедени само од сметката за приходи наплатени од органи.
- Исплати на средства за набавка на опрема, материјали, резервни делови и ситен инвентар и користење на услуги од повеќе добавувачи, дадени во прилог бр 2 од овој извештај, во вкупен износ од 79.281 илјади денари, за кои не е спроведена постапка за јавна набавка или е неправилно спроведена, што е спротивно на Законот за јавни набавки.
- Објавени тендери и спроведени постапки за јавни набавки за рехабилитација и проширување на канализациона мрежа: изградба на канализација во Куманово и Штип и изградба на канал за атмосферска вода и 3 бетонски брани во Струмица, по меѓународни стандардни правила на ЕБОР, иако истите се целосно финансирани од средства на Буџетот на РМ како Владино учество во реализацијата на проектот МЕАП, што е спротивно на Законот за јавни набавки. Вкупниот износ на вредноста на набавките, согласно договорите со избраните добавувачи, изнесува 4.485.000 еур со вклучен ддв. Поединечните склучени договори



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

за Куманово и Струмица се над планираните износи во рамките на обезбедените средства на инвестиционата програма за МЕАП во вкупен износ од 282.000 еур. Во прилог на договорите не се дадени на увид понудата во тендерската документација за да може да се спореди дали извршените градежни работи наведени во фактурите и ситуациите одговараат на прифатените понуди по видови на работи, цени и материјали. Од страна на изведувачот Пелагонија 3 К ЏВ, ДОО Скопје изготвена е пресметка за разлика во количини и цени искажани по тендерот во однос на изведените и фактурираните работи по градежна книга и ситуации посебно за Куманово и Штип по одделни места што укажува на непридржување кон договорените и прифатени цени со тендерот што е спротивно на Законот за јавни набавки.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки има за последица примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во МТВ да преземат соодветни мерки за доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки и интерните акти на министерството со со што ќе се обезбеди фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.2.1. до 11.2.6; 11.3.1. до 11.3.5.; 11.4.1. и 11.4.2. не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски - средства од Буџетот на РМ, под 31.12.2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.4. кај Министерството за транспорт и врски - средства од Буџетот на РМ, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење ревизијата има обврска да ги обелодени показателите и ризиците кои може да имаат значајно влијание врз континуитетот на работењето на МТВ, и тоа:
    - Ревизијата доби сознание дека МТВ по основ на издадени решенија од тогашниот министер за транспорт и врски за распределба на финансиски средства за изградба на инфраструктурни објекти во ЕЛС во 2002 година има обврски за исплата на средства за извршени градежни работи од добавувачи за пооделни општини по наведениот основ кои не се платени во 2002 година, поради што во претходните години и во 2005 година од сметката на МТВ на терет на буџетските средства се извршуваат судски решенија за присилна наплата на главен долг со камата по добиени спорови и поднесени тужби од добавувачите за наплата на своите побарувања. За овој проблем биле известувани министрите во 2003, 2004 и 2005 година, меѓутоа ниеден од нив не превзел соодветни мерки за информирање на Владата на РМ и расчистување на состојбата преку утврдување на реалните обврски од страна на комисија во МТВ и изнаоѓање на соодветно решение со што би се избегнало плаќање на камата и судски трошоци, а со тоа и дополнително трошење на буџетски средства.
    - Во текот на ревизијата доставена е на увид информација од МТВ, проследена до Владата на РМ и до Министерство за финансии, од 03.05.2006 година, за добивање на мислење за текот на соработката

помеѓу МТВ и Телевизискиот радиодифузен сервис (ТАРБС), како и за продолжување на Договорот за соработка. Владата на РМ на 99-та седница одржана на 09.05.2006 година одлучила и го овластила Министерот за транспорт и врски да го потпише Анексот на Договорот за соработка, во кој што се предвидени обврски на МТВ односно Буџетот на РМ спрема ТАРБС во износ од 290.000 еур, за подмирување до крајот на 2006 година и обврска за Владата на РМ во име на ТАРБС да плати долг од 324.000 еур на ЈП МРТВ, за авторските права на програмите, до март 2006 година, без претходно обезбедени буџетски средства. Ревизијата смета дека со потпишувањето на анекс договорот во наредниот период, на терет на Буџетот на РМ, ќе се наметнат обврски кои, согласно основниот договор од 27.07.2002 година, воопшто не се предвидени, ниту пак може да следат поради што предлага да се преиспита донесената одлука за потпишување на анекс договорот. Исто така, ревизијата има обврска да истакне дека МТВ со анекс договорот прифаќа да користи услуга (пренос на програмите на вториот канал) од ТАРБС во наредниот период, без спроведување на меѓународен јавен тендер, спротивно на Законот за јавни набавки.

15. Ревизијата има обврска да истакне дека од страна на Министерството за транспорт и врски по претходниот ревизорски извештај за 2004 година не се преземени препораките и мерките за отстранување на констатираните неправилности.

16. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Министерството за транспорт и врски во текот на ревизијата

17. По завршување на ревизијата Министерството за транспорт и врски изврши корекции на одделни состојби на сметките во главната книга во 2006 година по пртепораки на ревизијата кои имаа за ефект зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2005 година за 1.697 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење бр. 44 од 20.05.2006 година.

**Скопје, 10.07.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*
----------------------------

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 803.972 | 704.682 |
| **Вкупно приходи** | **803.972** | **704.682** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 127.218 | 127.255 |
| Резерви и недефинирани расходи | 106 | 62 |
| Стоки и услуги | 171.209 | 71.130 |
| Субвенции и трансфери | 992 | 59.024 |
| Социјални бенефиции | 123 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **299.648** | **257.471** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 504.324 | 447.211 |
| **Вкупно капитални расходи** | **504.324** | **447.211** |
| **Вкупно расходи** | **803.972** | **704.682** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 0 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1.132 | 163 |
| Активни временски разграничувања | 13.883 | 17.982 |
| **Вкупно тековни средства** | **15.015** | **18.145** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 138.138 | 131.303 |
| **Вкупно постојани средства** | **138.138** | **131.303** |
| **Вкупна актива** | **153.153** | **149.448** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 7.164 | 5.233 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 1 | 163 |
| Краткорочни финансиски обврски | 6.718 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 0 | 11.044 |
| Пасивни временски разграничувања | 1.132 | 1.705 |
| **Вкупно тековни обврски** | **15.015** | **18.145** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 138.138 | 131.303 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **138.138** | **131.303** |
| **Вкупна пасива** | **153.153** | **149.448** |



***ул: "Маршал Тито" - 12/3*** ***Овластен Државен ревизор***
***Палата Македонија - Скопје***
***тел:3211-262, факс:3126-311*** ----------------------------

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **131.303** |
| **Зголемување по основ на:** | **6.835** |
| Набавки | 6.835 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| **Намалување по основ на:** | **-** |
| Отпис на капитални средства | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - |
| Амортизација | - |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **138.138** |

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Број 1104-241/18***
***24.08.2006 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија – пречистен текст (“Сл. весник на РМ” бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Министерството за транспорт и врски за 2005 година бр. 02-13698/2 од 09.08.2006 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# *Р Е Ш Е Н И Е*

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на точите 11.1.2, 11.1.3, 11.2.2, 11.2.3, 11.3.5 ал.1 и 2, 11.4.1.ал.6, 11.4.1.ал.14, и 11.4.1.ал.17 од Конечниот извештај на Министерството за транспорт и врски - средства од Буџетот на РМ **не се прифаќа,** а приговорот на точката 11.4.1. ал.11 **се прифака**.

Забелешките на Претходниот извештај кои Министерот ги задржува како приговор на точките 11.1.1, 11.1.4, 11.1.5, 11.3.1, 11.32, 11.3.3, 11.3.5,ал.1 и 2, 11.3.5 ал.3 и 4 , 11.4.1.ал.10 и 11.4.2 ал.7. од Конечниот извештај, **не се прифакаат.**

2. Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извешта за 2005 година на Министерството за транспорт и врски – средства од Буџетот на РМ, поднесен е приговор бр. 02-13698/2 од 09,08,2006 година.

Образложението за неприфаќање на наведените точки од приговорот е следното:

1. Приговорот на наодот во точката 11.1.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на недонесен план и програма за извршување на работата на внатрешната ревизија на министерството, **не се прифаќа**, од причина што приложениот Годишен план и програма за работа на Внатрешната ревизија за 2006 година, не се однесува за годината што е предмет на ревизија - 2005.

2. Приговорот на наодите во точките 11.1.3, 11.2.2, 11.2.3, 11.3.5 ал.1 и 2, 11.4.1. ал.14 и 11.4.1.ал.17 од Конечниот извештај, а кои се однесуваат на недонесени акти (решенија) од страна на министерот за определување одговорни лица овластени за потпишување и контрола на документите врз основа на кои се извршуваат одредени финансиски трансакции, односно исплата на одредени трошоци, **не се прифаќа**, од причини што донесените решенија се со датум од 07.08.2006 година, и не се однесуваат на периодот предмет на ревизија - 2005



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

година. Донесените решенија во 2006 година претставуваат постапување по препораките на ревизорите за отстранување на утврдените слабости, што е чекор напред во однос на раководењето, обезбедувањето интерни контроли и определување на должности и одговорности во располагањето со државните средства.

3. Приговорот на точката 11.4.1. ал.6 од Конечниот извештај, кој се однесува на разграничување на одговорноста за ненавремено преземање на мерки на институциите: Јавно правобранителство на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски, а во врска со исплатата по судско решение од Основниот суд Скопје 1 Скопје и Апелациониот суд Скопје во износ од 70.676 илјади денари за надомест на штета на фирмата УПА ЕНТЕРПРАЈС од Скопје, **не се прифака**, поради ненавремено покажаниот интерес и преземени активности од страна на министерството да се спречи неоснованата исплатата. Во прилог на ова зборува и доставениот допис од страна Министерството до Јавното правобранителсво на РМ бр. 02-14069 од 24.07.2006 година, што значи по завршување на ревизијата и утврдените констатации за неодговорно постапување од двете страни, имајки предвид дека е извршена исплата на голема сума на пари и покрај негативната пресуда за тужителот донесена од страна на Врховниот суд, У бр. 547/1 од 14.02.2002 година.

4. Приговорот на наодот во точката 11.4.1. ал.11 од Конечниот извештај, а кој се однесува на исплата на средства по договор на дело во износ од 228 илјади денари на лице кое во 2005 година работи во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и истовремено раководи со Кабинетот на министерот за транспорт и врски, **се прифака**, поради дополнително доставени докази кои го побиваат наодот и тоа: Решение од Владата на Република Македонија за вработување и распоредување на работно место – помлад соработник-приправник за информатички работи во Генералниот секретаријат на Владата од 21.12.2005 година, Решение за плата од истиот датум и Решение за вработување како државен службеник-приправник во Министерството за транспорт и врски од 31.12.2006 година по Спогодба за превземање од Генералниот секретаријат на Владата на РМ. Со ваквата состојба се потврдува дека лицето не работело истовремено на две работни места.

5. По однос на наодите во точките 11.1.1, 11.1.4, 11.1.5, 11.3.1, 11.32, 11.3.3, 11.3.5,ал.1 и 2, 11.3.5 ал.3 и 4 , 11.4.1.ал.10 и 11.4.2 ал.7. од Конечниот извештај за кои министерот ги задржува забелешките по Претходниот извештај и ги пренесува како приговор кон Конечниот извештај, Главниот државен ревизор **ги одбива,** како неосновани, поради недоставување на нови релевантни докази кои ќе ги побијат истите.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Скопје, 24.08.2006 година**

**Главен државен ревизор,**
**Д-р Драгољуб Арсовски**